**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да повелат да влезат во салата, да можеме да започнеме со денешната раабота.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата за да можеме да започнеме со денешната работа.

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Хади Незири, Андреј Жерновски, Павле Трајанов, Али Ахмети, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фијат Цаноски, Гоце Маркоски, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Борис Кондарко ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за катастар на невдижности, со предлог на закон.**

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Амандманот на член 76 став 2 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеника за гласале 8, воздржани нема и против гласале 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Митановски, барате процедурална интервенција.

**Веле Митановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Се добива впечаток дек апартиите ДУИ и ДПА веќе втор ден координирано не влегуваат во салата. Не би сакал да го употребам зборот бојкот, бидјеки не сум сигурен дек е тоа во прашање.

Вчера на слична процедурална интервенција вие одговоривте дека немате официјална информација за случајот, за појавата.

Јас сакам да ве прашам дали во меѓувреме добивте официјална информација односно дали се обидовте да дојдете до сознание што всушност се случува. Во најмала рака и вие и ние како пратеници тоа им го должиме пред се на граѓаните.

Исто така мислам дека е време да добиеме информации за тоа што се случува во Владат аоколу присуството и неприсуството на министрите на ДПА. Имено, Владата е исто така одговорна пред Парламентот да излезе со таква информација.

Сега не сакам да зборувам за тој фамозен договор на политичките првенци околу тоа што ќе пдодржуваат или не до 5 односно 4 април, но во секој случај ова што се случува во Парламентот е доста непријатна ситуација и остава еден лош впечаток и пред граѓанството на Република Македонија и пред меѓународната јавност, особено поради актуелнсота на моментот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Невпуштајќи се во овој дел на вашетоизлагање во врска со Валдата дозволете ми да ви одговорам во делот кој се однесува на Собранието.

Јас до сега не сум добил ниту од едната, ниту од другата партија на албанскиот кампус никакво известување, никаков акт, ниту некаков телефонски повик во кој би станувало збор за нешто друго освен редовна ситуација.

Сметам дека кога ситуацијата во Парламентот не е редовна тие штоја прават таа ситуација се должни да го известат Претседателството за тоа, а не Претседателството да трча по нив и да ги прашува.

Ако некој има таква потреба, политичка потреба, или билокаква потреба , што е често пати дискутирано на координација, ја најавува та апотреба. Ние одржуваме секој понеделник редовни координации, не е најавено такво нешто ниту усно, ниту на координацијата, така што ние си ја тераме нашата работа, кој ќе дојде, како ќе дојде за тоа по тоа. Тоа е моето објаснување.

Повеелте.

**Веле Митановски:** Сепак почитуван претседателе останувам на ставот дке авие како прв меѓу еднаквите меѓу нас треба да ја покажете иницијативноста и покрај се вие да се обидете да дојдете до сознание и да не информирате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Јас ќе постапам онака како што е Деловнички пропишано. Секако ако оваа ситуација се продолжи, продолжи да се реперкуира. Секако ние за тоа имаме и координација и сме во интензивен дијалог. Тоа е сигурно и осигурано.

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 4 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отоврам претрес по амандманот на член 88 ставовите 3, 4, 5 и 6 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

До молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик минситер.

**Сашо Василевски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Никола Ќуркчиев.

Повелете господине Ќуркчиев, имате збор.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги овој амандман е поднесен на член 88 каде што повторно предлагачот на законот се обидува да направи една мала забуна во делот на издавањето на лиценци за вршењето на геодетските работи.

Имено, во ставовите 3 и 4 се вели дека лиценцата од став 1 на овој член ја издава Агенцијата за стекнување со лиценца за вршење на геодетски работи. Се плаќа надоместок на Агенцијата.

Висината на надоместокот за издавање лиценца се утврдува во зависност од направените трошоци потребни за вршење на увид во исполнетоста на условите потребни за вршење на геодетските работи и висината на надоместокот за издавање лиценци за вршење геодетски работи ја пропишува Управниот одбор на Агенцијата.

Имено, во членот 8 каде што се надлежностите на Агенцијата ќе видите дека таква надлежност Агенцијата нема, додека од друга страна ако го анализираме членот 11 каде што всушност се зборува за надлежноста и начинот на работа на Управниот одбор на Агенцијата ќе видиме дека Управниот одбор на Агенцијата донесува тарифници утврдени со овој закон, меѓутоа тоа не е негова надлежност и не би требало да го прави особено што до колку Комората е надлежна за издавање на лиценци се разбира дека надоместокот треба да го утврди истата.

Мислам дека амандманот е многу едноставен. Се предлага од причина што сметаме дека утврдените надлежности во ставовите 3, 4 и 5, па дури ис тавот 6 кој што вели дека издадените лиценци на трговците поединци, геодети и трговски друштва за геодетски работи се запишуваат во именикот на трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи што ги води Агенцијата. Тоа е сосема доволно.

Значи, апсолутно е јасно дека оваа работа треба д аја врши Комората, а не Агенцијата, зошто инаку и би постоела таа.

Со оглед на изнесените аргументи се надевам дека од страна на коелгите пратеници ќе биде прифатен овој амандман со што малку од малку би го подобриле овој предлог текст на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер мислам дека треба да го преиспитате вашиот став по однос на овој амандман, бидјеки сега станува збор за една посредна коализија помеѓу одредени членови во законот со оние амандмани кои што веќе ги прифативте.

Во членот 78 штотуку прифативте амандман во кој што висината на надоместокот за полагање на испит ја пропишува Комората и испитите ги спроведува Комората, сите тие работи, сите тие активности околу верификување на компетенциите на геодетот кој штокако трговец поединец ќе ги врши овие работи на право место ги лоциравме, во Комората.

Во членот 88 станува збор за лиценцата, кој ќе ја дава лиценцата. Вие сте напишале Агенцијата. Надоместокот кој ќе го наплаќа, Агенцијата, така вие сте напишале тука и кој ќе ја утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценцата, пак Агенцијата.

Ако веќе еднаш сме се договориле дека Комората во која што еснафот ги дефинира правилата на игра, најстручни се и најкомпетентни се за оваа дејнсот, најдобро ги познаваат реалните околности во Република Македонија во кои што можат да проценат и оценат кој успешно ќе ја врши оваа дејност и на кој начин ќе се верификува тоа преку лиценца или дозвола за работа зошто го комплицирате законот и сега ја ставате Агенцијата повторно во игра. Ќе централизирате, или ќе децентрализирате?

Не може во некои членови, намерно ви го прочитав членот 78 во кој што испитите со кои што се утврдува способноста или компетентноста на поединецот да ја врши оваа работа, да ја спроведува, утврдува Комората, а потоа лиценца издава Агенцијата. Ептен нема логика. Или Комората ќе си ги спроведува до крај сите активности за да се добие конечно компетентно и одговорно лице кое што ќе ги врши работите утврдени со овој закон, во кој што Агенцијата може да се јави како супер визор, но не на овој начин. Не потребно вршите повторно централизација во овој дел.

Јас мислам дека треба да не се преубедуваме. Колегите рпатеници од мнозинството гласаа по автоматизам, она кое што го застапува Владата, никогаш не сме дошле до ситуација да се прекрши мнозинството и да се изгласа. Ова решение навистина не врши подобрување на текстот на законот. Напротив, ја усложнува состојбата. Ќе се јави хаос во делот на издавањето на лиценците.

Едната полудејност ќе ја врши Комората, а остатокот, таму каде што треба да се приберат средствата ќе ги врши Агенцијата, што мислам дека не смао што не е практично, туку ќе предизвика револт кај сите субјекти кои што се инволвирани во овој процес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Влатко Серафимов има збор, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван заменик минситер, почитувани колеги пратеници.

Јас како еден од предлагачите на овој амандман сакам да земам учество во расправата и да се надоврзам и на претходните дискутанти дека овој амандман е потребно да биде прифатен од страна на нас пратениците се со цел да се добијат позитивни решенија и текстот на законот да биде подобар. Меѓутоа, гледам дека и Владата на Република Македонија прави некој компромиси околу тоа дека на неколку поднесени амандмани од страна на пратениците од опозицијата некој амандман ќе се прифати, па така со прифаќањњето на дел од амандманите и со одбивањето на другите амандмани текстот на законот ќе биде уште понеусогласен од верзијата што ја имаме.

Причина за тоа е прифаќањето на претходниот амандман од страна на Владата во кој што во членот 78 зборовите "Управниот одбор на Агенцијата" се заменуваат со "Комората" и со овој амандман кој што е поднесен на член 88 ќе дојдеме во една ситуација во која што едни ќе издаваат дозволи, други ќе собираат средства и на крај нема да имаме ништо од законот за геодетски работи.

Меѓутоа, која е причината и зошто овој амандман не го прифаЌа Владата сметам дека е тоа само од нејзини причини, а претходниот амандман да биде прифатен е исто така прифатен колку да се задоволи опозицијата и да се излезе утре во јавноста и да се каже дека дел од амандманите поднесени од страна на опозицијата се прифатени.

Почитувани колеги пратеници, ако го прочитаме амандманот кој што го предлагаме зошто и што бааме со тој амандман, бараме наместо Агенцијата за издавање на лиценци тоа да биде Комората на геометри. Со самото тоа ќе дојдеме во една состојба во која што еснафот во Република Македонија, геометрите ќе си ја вршат својата работа и ќе издаваат лиценци на овластени трговски друштва за вршење на геодетски работи, а Агенцијата ќе биде еден контролор на се што се случува околу издавањето на тие лиценци.

Затоа почитувани колеги рпатеници бесцелно е прифаќањето на Владата да членот 78 на претходниот амандман кој што се однесуваше на членот 78 став 4. Затоа сметам дека и овој амандман треба да биде прифатен за да иамме една компактност околу издавањето на лиценците и околу прибирањето на средствата кои што ќе бидат определени, како што стои во законот од страна на Агенцијата, а предлагаме да биде од Комората. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господин заменик министер имате збор.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Почитуваните пратеници истакнаа дека со прифаќањето на претходниот амандман ќе се доведе до определена коализија помеѓу членовите во законот, па ќе ми дозволите едно кратко образложение во тој дел за да потврдам дека не е така, во таа конотација.

Комората ги здружува овластените геодети односно физичките лица кои стекнале овластување за овластен геодет. Токму и заради тоа Комората ги издава овластувањата. Не може да ги издава лиценците.

За да овластените геодети ги вршат оперативните теренски геодетски работи треба да бидат регистрирани како трговец поединец односно трговско друштво како правно лице. Со оглед на тоа дека работите што ги вршат трговците поединци, овлстени геодети и трговските друштва за геодетски работи се пренесени јавни овластувања се предлага Агенцијата односно Управниот одбор на Агенцијата да ги врши сите работи што се поврзани со лиценците, бидејки нејзините надлежности се пренесени во приватниот сектор и на тој начин најлесно ќе се врши контролата на спроведувањето на пренесените јавни овластувања.

Благодарам претседателе, еве ако успеав да го објаснам ова.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Господинот Тале Герамитчиоски се јави за реплика, а господине Ќуркчиев и вие се јавувате за реплика, или за збор. (За реплика)

Ако сте за реплика прво е Герамитчиоски, па вие, но како предлагач на амандманот повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер.

Комората на овластени геодети навистина сите знаеме дека претставува здружение кое треба да има посебна улога во овој закон особено во следењето и развојот на геодетската дејност во Република Македонија, меѓутоа Комората е сегмент кој што треба да ги застапува и усогласува заедничките интереси на овластените геодети и Агенцијата како орган, како и се разбира да врши заштита на јавни интереси и интереси за граѓаните на Република Македонија.

Таа како самостојна и независна организација, се разбира ќе биде со својство на правно лице, кое треба да има посебен дел во делот на едукацијата на кадрите, на геодетите и нормално и логично е, таа да биде водечка сила при издавањето на лиценците за вршење на геодетски работи, без притоа да не може да влијае на приходите на Агенцијата. Меѓутоа, ајде да тргнеме по еден друг редослед за да ја сватите поентата ако ова не е доволно. Зошто со ниедна

одредба во овој член не е предвиден рокот за издавање на лиценци. Кој ќе го направи тоа? Ве молам, мислам дека има доволно аргументи да се прифати овој член и да не внесеме дополнителна забуна во законот со неприфаќање на овој член. Се надевам дека бев доволно јасен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски со својата реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Во објаснувањето на заменик министерот го препознав она кое што јас го потенцирав како нелогичност помеѓу двата членови како колизија.

Да ве прашам, еден ги изведува испитите, а друг ја издава лиценцата. Ова ми личи на можност за политизација на целиот процес. Ако Комората е составена од еснав кој што многу добро знае да ја цени стручноста и компетентноста, тогаш зошто Агенцијата да ги издава лиценците кога испитот претходно го спровела Комората. Или тоа треба да биде дополнителен извор за средства кои што ќе се влеат во Агенцијата, а од друга страна целата работа ја завршила Комората. Која е гаранцијата дека Агенцијата која може да се политизира, бидејќи се именува од страна на владеачкото мнозинство, ќе врши селективност во пристапот на кого му дава лиценца, на кого не му дава лиценца, иако сите испитот го поминале успешно пред Комората. Комората е гаранција за стручност и компетентност, бидејќи е составена од експерти кои се делегирани со соодветни принципи и инструменти за создавање на Комората. Од друга страна Агенцијата, иако номинално би требало да важи за независна институција не е независна, туку е ептен зависна и ако ова вака остане нема шанса да ме убедите дека ќе пристапувате селективно на начин на кој што ќе ви шепне некој од политичките високи структури дека треба да добие лиценца, а оние кои моожеби се постручни, покомпетентни нема да добијат лиценца бидејќи припаѓаат по свое слободно уверување што го гарантира Уставот на друга политичка опција и на што ќе личи законот. Уште еден камен во ѕидот наречен политизација на сите институции во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова Каревска Роза, имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Навистина не сум многу изненадена што не е прифатен овој амандман, иако сакам да дадам поддршка, а не сум изненадена поради тоа што тенденција, очигледна тенденција на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во целост да се замрат коморите односно да им се одземат сите ингеренции на коморите.

Ова не е прв пат да ни се случува вакво нешто. Погледнете го Законот за градба. Исто и таму Комората до крајност се маргинализира, иако реагираше Комората на архитектите и се направи обид на мала врата да се изземе давањето и издавањето на лиценци и Лекарската комора и Комората на стоматолозите, меѓутоа благодарение на будната реакција која што дојде од страна на докторите, тоа беше спречено. Сега, во трет закон по ред, кој ни е доставен од оваа Влада гледаме дека ингеренциите на Комората за давањето на лиценци се одземаат. Не ми е јасно ако сакаме да се хармонизираме со европското законодавство, зошто превземаме вакви потези. Што се крие зад ова? Мислам дека најлогично е лиценците за работа да си ги издава Комората, затоа што само така ќе можеме да го ојакнеме еснафот, а како што кажав тоа е пракса во целиот свет. Се јакне не само што на стручен и компетентен начин да бидат добивани овие лиценци, туку ако ги погледнеме сите алинеи односно ставови што се овде набележани викаме лиценцата од став 1 на овој член ја издава Агенцијата. Значи, како што вие сакате да биде. Колегите чиј амандман го поддржувам велат дека тоа треба да го прави Комората. Понатаму имаме за стекнување со лиценца за вршење на геодетски работи се плаќа надоместок на Агенцијата, зошто овој надоместок да не се плаќа на Комората, која што ќе може и така да се јакне и да стане навистина партнер со работата на Агенцијата и тоа многу значаен партнер. И да не читам понатаму, значи исто во тој контекст е и ставот 5. Мислам дека заменикот министер требаше сериозно да размисли, да се консултира со останатите членови во Владата и овој амандман да биде прифатен. Навистина не гледам која е интенцијата да се рушат коморите во Република Македонија. Реков дали е во прашање единствено собирање на средства, не сакам да верувам во тоа, или е во прашање комплетна партизација на општеството. Агенциите се највисок орган кои што ќе одлучуваат кој ќе добие, а кој нема да добие лиценца за работа. Тоа ќе биде и во Законот за градба, јас исто така имам амандмани на тој закон, меѓутоа и она што можев да разговарам со министерот за некои работи се усогласивме, но за овие клучни кога дојде во прашање Комората не сакаат ни да слушнат. Истото го имавме и со Законот за здравство. Јас ги молам колегите пратеници кои сега тие се на ред, затоа што заменикот е уверен дека не е добро така, всушност можеби не е убеден дека не треба, туку ја добил директивата во никој случај да не се даде можност да јакнат коморите, без разлика од која област, коморите каде што се наоѓа целиот еснав и сега поради тоа го одбива. Но, колегите пратеници треба да имаат доволно доблест и се надевам дека барем на нив им е јасно што значи здружувањето во комора, можеби некои од нив пред да бидат пратеници биле во некоја таква еснавска комора, дали е тоа Комората на лекари, стоматолози, градежници, архитекти, геодети итн, и се надевам дека во текот на своето работење сватиле каква значајна улога има Комората.

Уште еднаш ве замолувам сериозно да размислите. Ова не е нешто што се зборува

заради популизам, туку се зборува за јакнење на еснафот и здружувањето во комори. Ако ја нема оваа ингеренција Комората и да не ги редам останатите членови сега да одземам време каде што секаде и се одземаат ингеренциите. Веднаш погледнете го членот 89 што следува. Овој амандман е во контекст и овој член е во контекст со следниот. Мислам дека треба малку посериозен пристап да имаме и доколку колегите пратеници сериозно седнале барем некои од нив работеле на законот, се надевам од парламентарното мнозинство ќе ги убедат и другите пратеници, нивни колеги овој пат да дадат поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Филипова, имате збор.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, се јавив за збор за да го поддржам амандманот поднесен од моите колеги кој се однесува на проблемот на издавање на лиценци за работа на геодетите.

Пред нас имаме закон со европско знаменце, закон за кој што кажавме дека ќе го поддржиме, меѓутоа дозволете ми и да го подобриме законското решение. Не е логично да се полага пред еден орган односно да се полага пред Комората, пред еснафот на геодети, а лиценците да ги издава друг орган односно институцијата Агенција. Единствено што можеме да заклучиме од овој ваш обиде, од обидот на партиите на власт, лекарските лиценци наместо Комората на лекарите да ги издава некој друг и лиценците за архитекти, стоматолози итн, е обидот и понатаму за партизација на сите органи. Обидот за партизација кој ја доведе нашата држава до дното. Со оваа ваша власт го допревме дното, почитувани.

Дозволете основните принципи на пазарната економија да владеат и овде. Дозволете сите кои положиле еснафот геодетски, Комората на геодети да издаде лиценци за работа, па начинот на кој работат, квалитетот на вршење на работите, рокот на завршување на работите и цените по кои ги извршуваат работите, сите тие да бидат основниот фактор кој ќе одреди дали тие ќе работат успешно, дали тие ќе постојат или нема да постојат. Вака, обидот партиски или некој друг, да не кажам орвеловиот голем брат кој овде многу често милувате да го спомнувате или султанот итн, во нашата држава да кажува, не ти иако си квалитетен и ако си положил нема да добиеш лиценца, а тој до тебе ќе добие лиценца, затоа што на нас ни се допаѓа односно затоа што е наш партиски кадар. Јас апелирам кога веќе претставникот од Министерството за правда не го прифати овој амандман, присутните пратеници да гласаат за него ако воопшто ме слушаат, за тоа се сомневам од состојбата и летаргичната атмосфера денес во ова наше Собрание, да гласаат за амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои меѓувреме излегоа од салата, да се вратат на своите места за да можеме да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се наоѓаат 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 10, воздржани се 2 пратеници, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Ќе ми дозволите, со оглед што и наредниот амандман предложен од пратениците господинот Ќуркчиев и Герамитчиоски, да дадам едно образложение и за двата амандмани. Значи и двата амандмани не се прифаќаат. Сакам да кажам дека воведувањето на тарифник се должи на фактот што и покрај неуредувањето на ваквиот начин на оваа материја, во изминатиов период не се применуваа пазарните законитости во определувањето на цените на геодетските услуги, а што мошне неповолно се одрази на корисниците на услугите. Не се создадоа можности за конкретни цени, ниту пак за зголемување на квалитетот на услугите, а напротив се изгради солидарен систем на наплата на услугите со цени, кои ни оддалеку не беа утврдени врз основа на критериумите утврдени со закон, а беа на штета на корисниците. Сакам да кажам дека амандманот не се прифаќа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман не се прифаќа.

За збор се јави господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Внимателно го сослушав образложението на заменик министерот зошто овој амандман не се прифаќа и да бидам искрен истите работи што тој ги кажа зошто не го прифаќа овој амандман, јас мислев да кажам зошто мора да го прифати овој амандман. Така што, не знам дали има потреба да ги повторам истите нешта, почитуван заменик министер јас знам дека тешко во овој момент дека ќе се изнајдат аргументи кои што за вас би биле прифатливи.

Меѓутоа има повеќе елементи зошто ценам дека вие сепак ќе мора да го прифатите овој амандман, ако не сакате целиот закон или оваа одредба од Законот, да не падне пред Уставен суд. Имено во членот 94 всушност се подзаконските акти на овој закон и ставот 2 се

однесува на висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени и дека тоа треба да се уреди со тарифник кој го донесува Управниот одбор на агенцијата на кој согласност дава Владата на Република Македонија.

Ценам дека ставот 2 треба да се избрише од едноставна причина што амандманот вака како што е предложен значи дека не може, едноставно кажано, Владата да го уредува пазарното работење на приватните геодетски компании, особено што трговецот поединец, овластениот геодет и трговските друштва добиваат ваква нова димензија дури и со овој нов закон. Ценам дека треба да се изнајде еден посебен начин како и на кој начин треба да се регулира оваа материја, а всушност тоа ние го предложивме заедно со колегата Герамитчиоски во следниот амандман. Затоа предлагаме ставот да се избрише. Ве молам, апсолутно нема потреба од никакви, би рекол, дополнителни причини кои треба да се дадат, зошто овој амандман треба да се прифати. Едноставно кажано, ако во ставот 1 на овој член се утврдени параметрите врз основа на кои трговците поединци, овластени геодети и трговски друштва треба да го утврдуваат надоместокот за нивната работа, бидејќи не е утврден, како што вие велите, бидејќи тоа е на солидарна основа, со тоа навистина се губи смислата од став 2 на овој член, уште повеќе што Управниот одбор на Агенцијата, која е самостоен правен субјект, му се дава за паво да одлучува за цената на услугите која треба да ја применуваат и други самостојни правни лица, што е спротивно на пазарната логика и се разбира на Уставот на Република Македонија.

Почитуван заменик министер, мислам дека постојат голем број на причини зошто овој амандман вие едноставно мора да го прифатите, или наједноставно е да го избришете од Законот, а истовремено да се задолжи Комората на овластени геодети, заедно со Управниот одбор на агенцијата, да изготват заеднички правилник кој ќе го усогласат меѓусебе, ќе го прифатат, а се разбира согласност би дала Владата на Република Македонија. Има ли подобро нешто од тоа. Се разбира дека аргументите не се доволно причина колегите од мнозинството да го прифатат амандманот.

Еве тоа беа моите аргументи и се надевам дека колегите, барем оние кои имаа можност и сакаа да ги слушнат, ќе гласаат за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, за мене овој амандман е клучен, затоа и излегов на говорница само да прочитам член 94 став 1 кој вели: "Трговец поединец, овластен геодет и Трговско друштво за геодетски работи, за извршените геодетски работи наплаќаат надомест чија висина особено зависи од обемот, површината на недвижностите кои се предмет на премерот, бројот и видот на зградите, посебно делови од згради и други објекти, оддалеченоста на недвижностите, теренските услови, густина на деталот и сложеноста на геодетските работи". Значи станува збор за парите што ќе ги добие геодетот односно трговското друштво.

Сега во ставот 2 кој ќе определува колку пари ќе му се даде. Вели: "Агенцијата и предлага на Владата на Република Македонија која ќе донесе тарифник".

Ви се молам од каде толку голема увереност дека Управниот одбор на Агенцијата ќе биде составен од стручни и компетентни луѓе кои ќе го оценат степенот на сложеноста и ќе ја одредат вистинската пазарна вредност на трудот кој геодетот ќе ја врши.

Поучени од искуството на милион управни одбори кои егзистираат сега во Република Македонија, во областа на здравството, на образованието и другите дејности да не ги набројувам, во кои од ракав се фрлаат луѓе кои немаат благе везе со стручноста и компетентноста на која треба да одговори член на Управен одбор, вие сте уверени дека овие членови на Управен одбор ќе одговорат на оваа задача? Владата без проблем ќе го помине предлогот кој управниот одбор ќе го достави. Сум бил член на Влада и знам како се работи. Само ќе помине на дневен ред предлогот, нема извештаи, нема проблеми никакви, стои мнозинството позади тоа, министерот го убедил управниот одбор дека така треба да биде и готово.

Што ако донесете ценовник во кој на геодетите не им се исплаќа, бидејќи ќе влегуваат во загуба. Не им се исплаќа да работат со тие цени кои ќе ги даде Владата преку предлогот на управниот одбор. Едноставно материјалните трошоци за извршување на тие дејности кои прилично ќе бидат обемни, вработуваат, плаќаат даноци имаат режиски трошоци, во крајна линија вложиле знаење, добиле лиценца, полагале испит, за да дојдат до таа положба, се разбира дека треба профитабилно да работат. Зошто инаку би постоеле. Сега, каде е увереноста ваша дека тој управен одбор ќе ја даде вистинската вредност со која треба да се валоризира неговиот труд. Ние како предлагачи го почитуваме она што го замислило Министерството за правда, со предлози од Агенцијата, односно од Катастарот сега и не би го негирале тоа.

Наредниот амандман е, ништо друго не бараме освен да се вклучи и комората која ќе даде предлог, заедно со Агенцијата, да се даде вистинска вредност на трудот на геодетите. Не ви негираме дека Владата треба повторно да го донесе тоа. Се разбира дека тоа треба да се даде некој лимит, да не се оди во недоглед и претпоставено монополистичко однесување. Што ќе ви смета, уверете ме, ако и Комората во која, еве 10 дена расправаме, се разбира со прекини, дека таму е еснафот, таму се стручните и компетентни луѓе кои добро знаат колку ќе чини сето тоа. Што ќе ви смета ако и тие бидат влучени во предлогот. Нема тие да донесат правилник за

наградување. Тие само ќе помогнат, ќе кажат на управниот одбор, ќе речат, извинете тоа што го предлагате во таа висина не е доволно заради ова, ова и ова. Пак Агенцијата ќе предлага, Управниот одбор на Агенцијата, но заедно со Комората на геодетите.

По милионити пат, со сета добра волја како опозиција, да подобриме нешто, излегува со некои аргументи, со ставови, ние заради одолговлекување, дајте да направиме нешто барем приближно на добар закон. Дајте еден аргумент зошто ова да не се прифати, ние ќе замолчиме. Зошто не сакате, другите амандмани се исто така поврзани со ова. ќе ја прифатите Комората или не ја прифаќате. Сакате само пред меѓународната јавност да се претстави дека има таму некоја Комора, ние демек почитуваме стручност и компетентност, сме дале во законот да се формира комора, само таа ќе ги изведува испитите и со се друго е готово, исфрлете ја. Тоа ќе ви помогне во добивање на сознанија за подобро решение.

Јас знам дека ако се консултирате со вработени во Агенцијата, тие ќе ви речат не, бидејќи тие се најпаметни и знаат како треба најдобро и зошто некој да им се меша во работата, особено од Комората. Претпоставувам без воопшто и да ми биде елаборирано, како би било тоа. Секој сака да има што поголеми ингеренции и поголема власт или моќ во одлучувањето и му смета ако се вклучи некој кој е стручен и компетентен. Во Комората или ќе има случајни луѓе или не.

Ајде сега да парафразирам некоја друга ситуација. Тоа се прифаќа така и јас не се сомневам дека ќе се прифати. Ако вие не прифатите, мнозинството никако нема да прифати амандманот да биде таков и ќе остане тоа така.

Што ако ви се случи Владата да донесе ценовник кој е недоволен за покривање на основните трошоци. Под а) претпоставена ситуација, трговските друштва и поединци ќе речат подобро работи не седи дома џабе, нешто барем пара да се врти, демек ќе се залажуваме дека ја вршиме дејноста. Под б) ќе бидат малку посамокритични и ќе речат вака не се работи, не е ова пазарно стопанство, ќе ставиме клуч и нема да работиме, или ја посакуваа во Агенцијата оваа ситуација, бидејќи во членот 8, премерот, по мое убедување ќе се врши и од страна на Агенцијата иако ме убедувате дека ќе дадат делегирани надлежности. Како да не ќе дадат. Тие не сакаат сега да дадат позитивен сигнал Комората да им помогне, па после претпоставувам колку ќе сакаат од своите законски надлежности еден дел да префрлат на трговци поединци или на трговски друштва. Нема да сакаат. Во тоа не можете да ме убедите. Тоа е синдромот на Македонците што во сите сегменти, кога ќе се прави закон, си мислат дека вечито ќе бидат тие кои одлучуваат постојано, дека законот се прави за нив, дека моќта што со тој член во Законот му се дава вечито ќе ја употребуваат, без да бидат свесни дека ден два, три дена, година, три години, ќе поминат, ќе дојдат други луѓе. Македонија се гуши од закони во кои постојано некој сака да има моќ. Никој не сака да ја дели таа моќ. Тоа е нашето проклетство. Не сакаме да ја делиме моќта. Ако во таа моќ се вклучуваат експерти или луѓе од еснафот, уште полошо, тогаш нема да можете да направите манипулации во кои ќе доделувате на заслужни партиски војници бенифиции кои одредени законски решенија ви нудат. Не е тоа добро. Тоа нема да биде добро. Усвојте го, усогласете го, нема да биде добро. Нема ни еден валиден аргумент да ни кажете тука, да замолчам и уште еднаш уста да не отворам, да кажете што ќе ви смета ако и Комората го стави својот предлог за висината на надоместокот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓа Димеска со вашата реплика.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакала една кратка реплика во однос на дискусијата, во однос на амандманот поднесен од почитуваните колеги за член 94 кој се однесува на бришење на став 2 од истиот член.

Што доколку Владата донесе ценовник кој ќе биде недоволен за покривање на трошоците?

Моето размислување и мојот став е следен:

Имено, во првиот став јасно и недвосмислено се кажува дека висината и утврдувањето на цената, особено ќе зависи од и направен е обид од што би зависела, од обемот, површината на недвижностите што се предмет на премерот, бројот и видот на зградите, потребните делови од згради и други објекти, оддалеченоста на недвижностите, теренските услови итн., што всушност и беше прочитано.

По однос на вториот став всушност се кажува дека висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ќе биде утврден со тарифник, рамка која ќе утврди минимум и максимум, за да се избегне можноста за формирање на слободни цени на самостојните работодавачи односно изведувачи на геодетските работи, каде постои можност со која меѓусебе ќе се договараат за утврдување на цени кои можеби ќе бидат и превисоки, што не е интерес за граѓаните и што не е интерес на овој законски проект. Имено, Владата ќе предвиди рамка со која ќе се утврдат најниските и највисоките цени.

Исто така сакам да потенцирам дека Управниот одбор, добро знаеме во однос на дискусијата во која беше кажано дали ќе биде утврдена таа рамка односно тој тарифник од стручни лица, Управниот одбор е составен од луѓе кои ќе бидат од Министерството за транспорт и врски, од Минимстерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, сигурно тоа нема да бидат мујзичари ли спортски работници, стручни лицас кои ќе ја утврдат оваа рамка на тарифникот. Значи, со ставот 2, од постоечкиот член се врши допрецизирање како ќе се утврдува цената што е интерес за граѓаните и е интерес за овој законски текст.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Една минута контра реплика, за господинот Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам почитувана колешке што слушавте, ама не сте разбрале. Ние не го негираме тоа. Прочиктајте го и наредниот амандман кој се однесува на овој член. Значи прво го бришеме ова, и потоа со наредниот амандман даваме дополнување. Владата пак ќе ја носи одлуката, само да и помогне Комората, заедно со Управниот одбор. Ние не го негираме тоа решение. Ако никаде не е вклучен еснафот, ако Комората не е вклучена во тие сложени стручни работи да даде свое мислење. Ништо не одземаме, само додаваме и Комората да даде свое мислење во однос на ценовникот, бидејќи сложеноста на работите никој подобро не ги знае од нив самите. Ако мислите дека Управниот одбор и Владата, без некое туѓо мислење ќе донесат правилно решение, тогаш сте во дебела заблуда.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Се јавив со цел да дадам поддршка на амандманот поднесен од моите колеги затоа што сметам дека не му е местото во овој закон и посебно начинот на кој е концепиран ставот 2, директно се коси и со Уставот на Република Македонија.

Во Уставот на Република Македонија јасно стои дека во Република Македонија се развива пазарното стопанство во кое сите правни субјекти се еднакви на пазарот. Владата очигледно дека има проблем со почитувањето на вакви одредби од Уставот и во Законот предвидела дека висината на надоместокот од став 1 на овој член се утврдува со тарифник кој го донесува Управниот одбор на Агенцијата, на кој согласност дава Владата на Република Македонија. Зн ачи, типично централизирана мерка, бирократска мерка со која Владата сака наводно да ги заштити корисниците на услугите од страна на трговците поединци или трговските друштва кои се занимаваат со геодетски работи, но мислам дека образложението е повеќе популистичко отколку што реално во праксата ќе придонесе да навистина се заштитат корисниците на услугите на геодетите.

Имено, ако веќе пдолго време расправаме за оцој закон и се заборави што кажа министерот Маневски во експозето кога го предлагаше Законот, ќе потсетам дека дел од неговото излагање се однесуваше и на следното:

“Сакам да напомнам една работа да имате предвид почитувани пратеници, дека во 2006 година, сега во Република Македонија има околу 197 овластени геодети. Само во 2007 година има зголемен број на овластени геодети за 82”.

Дали ова укажува дека на пазарот на геодетски работи се создадени предуслови за солидна конкуренција? Нема можност, нема никаква опасност од некој монопол, па сега Владата да се става “како заштитник” да ги утврдува цените, кога секаде главните излагања се дека во Македонија постои пазарно стопанство.

Во ситуација кога имате волку правни субјекти кои вршат геодетски услуги, нема потреба Владата да ја диригира цената господине заменик министер. Може вие да предложите, да утврдите горна граница, имајќи ги предвид сите трошоци што се наведени во првиот став, плус да ги земете во предвид трошоците за лиценца што ја воведувате, за вработените и т.н. И, да оставите, во услови на еден волкав број на правни субјекти кои даваат геодетски услуги, тие самите да се натпреваруваат кој ќе изврши поквалитетна услуга за поефтини цени, за да може што поголем број потрошувачи или корисници да дојдат кај нив.

Навистина, не е издржано вашето мислење дека ги штитите.

Ако се има во предвид дека Управниот одбор го составивте од претставници од министерствата и сега буквално имаме ситуација кога Управниот одбор ги предлага цените, составен од претставници на министерствта, Владата дава согласност. Нема тука основ за некое пошироко размислување. Ниту вклучувате претставници од Комората, ниту вклучувате претставници од ЗЕЛС, од корисниците на услугите за да може да се дојде до едно реално ниво на цени.

Затоа, колеги пратеници, овој член, ставот 2 треба да се измени и да се овозможи во сферата на геодетските услуги да владее конкуренција. И тоа Владата треба прво да го направи, а не да чека пратениците тоа да го прават со амандмани, при тоа голем дел од нив и не ја слушаат нашата дискусија. Нема потреба. Ако идеата на реформата на Катастарот, сега Агенција за катастар на недвижности е да се создаде конкуренција, да се овозможи поефикасно функционирање, една од работите е тоа што геодетските работи се одвоија и се ставија на слободен пазар. Луѓето вложија пари, се формираа трговски друштва се опремија, сега вие ги ограничувате во борбата на пазарот за корисници. Ќе дојде ситуација, ќе ја утврдите висината на цената што ја дава Владата, сите ќе даваат услуги по највисоката цена. Им давате можност, по ваша вина, луѓето да плаќаат навистина повеќе. Оставете пазарот сам да ги регулира цените. Има доволно конкуренција. Има 197 овластени геодети. Тоа го изјави министерот. Нема потреба од ваква одредба да стои.

Затоа ги повикувам колегите пратеници да го подржат амандманот и навистина квалитативно да се подобри овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Топузова Каровска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Сосема на кратко би сакала да се вклучам во одбраната на овој амандман, со надеж, иако не многу голема, но надежта е таа што последна умира, дека ќе ги убедиме колегите пратеници, барем оние кои се тука и кои слушаат внимателно од парламентарното мнозинство, да дадат поддршка на овој амандмна.

На почетокот, во расправата на самиот закон кажав дека овој закон нема визија, е без визија и не нуди суштински реформи во Катастарот. Не нуди. Ова е уште еден доказ дека сум била во право. Очекувам дека тогаш почитуваниот министер или заменик министер ќе го повлече законот, односно ќе дозволат да помине првата фаза, потоа да го дадат законот на јавна расправа, да можат по него да се изјаснат експертите и луѓето кои конкретно ќе се занимаваат со оваа работа кои треба конечно да ги спроведат еднаш реформите во Катастарот.

Ако беше суштината само да се промени името од Државен завод за геодетски работи во Агенција и таа Агенција да ги има сите надлежности, уште поголеми овластувања отколку што ги имаше претходно и да направиме еден монструм од кој што не можеме да очекуваме никакви реформи, е тоа го имаме со овој закон.

И сега, токму поради ова, сметајки дека е неопходна втората фаза, не поднесов амандмани, но ќе се обидам, барем да подржам и разубедам некои колеги од парламентарното мнозинство да прифатат барем нешто од тоа што го кажува опозицијата, затоа што нависитна, амандманите, барем до некаде можат да придонесат да се направат какви-такви реформи во оваа сфера.

За жал, парламентарното мнозинство ниту сака да слуша, а уште помалку да прифати. А како ќе прифати, ако не слуша. Имено, амандманот на членот 94 треба да се гледа во контекст, како што кажаа и колегите, со амандманот на членот 95. Овде се бара висината на надоместокот од став 1, да не го читам повторно, да се утврдува со тарифник што го донесува Управниот одбор на Агенцијата.

За Управниот одбор на Агенцијата, за членот 9 разговаравме еден ден. Имаше 3-4 различни амандмани кои што нудеа решенија, барем колку-толку да се подобри составот на Управниот одбор, да не бидат сите членови крајно партизирани. Се нудеше дури и зголемување на бројката, да оставаат еве тие што смета Владата дека треба да бидат, но да бидат и претставници од коморите: Адвокатската, Нотарската, Геодетската и т.н. Фактички, законот треба да биде добар пред се за корисниците на овие услуги.

Овде не се гледа такво нешто. Затоа велам дека е без визија. Затоа велам дека не е добар овој закон. И повторно си останаа тие што си беа, претставници од Министерство за транспорт и врски, претставници од Министерството за финансии, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, исклучиво претставници од министерствата што ќе ги делегира Владата. Повторно зборуваме за комплетна партизација.

Што е лошо ако се прифати сега овој амандман и потоа се прифати и следниот, затоа што не е логично ако не се прифати, каде што колегите предлагаат висината на надоместокот од став 1 на овој член да се утврдува со тарифиник што го усогласува и донесува Управнио тодбор. Еве ги, во Управнио тодбор иамте 5 луѓе гои исклучиво ќе ги даде Владата и исклучиво партиски, послушници до бескрај. Што да зборуваме понатаму. На Агенцијата и на Комората. Само се вклучува Комората. Не се одзема нешто. Да не сотане неразјаснето пред јавноста дека Управниот одбр да биде вклучен во сето ова. Пак ќе биде. Но да се слушне и гласот на Комората. И пак на крајот, согласност ќе даде Владата на Република Македонија.

Ве молам, кажете еден аргумент зошто ова не се прифаќа? Не ми е јасно. Што се плашите? Дека ќе има неколку претставници од Комората, еден, двајца, колку ќе одлучи. Што е овде спорно, не ми е јасно? Зошто толкав анимузитет на Владата на ВМРО-ДПМНЕ кон коморите. Без разлика која Комора. Сметате ли дека не треба да имаме комори? Зборуваме дека треба да се хармонизираме со европското законодавство. Па, не сакам да помислам дека белким вие не сакате ли да влеземе во Европската унија?! Тоа ли е тенденцијата што носиме вакви закони, кога утре, друг ден, ќе ни кажат извинете, што сте хармонизирале? Ниту има самофинансирачко ниту коморите се земаат во предвид. Апсолутно, визијата е изгубена во овој закон.

Ако малку и малку сакаме да го подобриме, за тоа дебатираме, за тоа и се обидуваме да ги разубедиме колегите, се наидува на еден отпор. Се прифаќаат амандмани или дадени од пратениците од парламентарното мнозинство, што е добро и тие да се прифатат, или пак некои кои само технички го подобруваат текстот.

Ве молам размислете за ова. Сепак, цената може да ја определи оној кој го прави производот. Оној кој работи. Тоа е пазарната економија. Ако вие не се консултирате со нив и наметнувате цени, можеби ќе бидат премногу високи, можеби ќе бидат прениски. На крајот кој е оштетен? Оние кои ги даваат услугите од една страна и граѓаните корисници на услугите. Па, не треба да направиме добар закон да биде добар за пет души и за Владата. Зарем треба да направиме закон што ќе биде добар само за Владата и да се фали дека ги собира парите на граѓаните, а потоа да ги трошиме за скулптури, за куполи, за скулптури на мостови, за не знам што. Не е тоа суштината.

Суштината е да донесеме нависитна добар закон. Престанете една единствена цел да биде како повеќе да се земе од грраѓаните за да може да се трошат пари во популистички потези на Владата за саморекламирање и подигање на рејтингот.

Мислам дека не е дборо. Треба малку да мислиме и на граѓаните и на оние кои ги даваат услугите.

Уште еднаш ве замоловума колеги пратеници, прифатете го овој амандман, затоа што амандманот не е лош. Управнио тодбор останува во игра. Не е назад. Таму не успеавме да промениме ништо. Сите 5 членови се од министерствата. Сите 5 члена се од Владата. Бараме уште кон тие да се додаде Комората. Навистина не ми е сфатлив односот кон коморите што го имате. Не знам дали имате некои сознанија за тие комори или пак ви откажуваат некоја послушност, некои директиви што им ги давате, па заради тоа сакате да ги ставате на маргините и комплетно да ги уништите. Или пак во прашање е нешто друго.

Се надевам дека ќе имате малку од малку доблест и како што се успеа да се спречи амандманот во здравствената заштита, за комплетно да не се уништи една многу значајна Комора на докторите и оваа Комора да останете, да и дадете можност да има свои ингеренции и да си одлучува за она што тие ќе го сработат, колку треба да се наплати. Тоа е пазарна економија. Се друго е само диктат од Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави по втор пат госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Да ве корегирам претседателе, прв пат се јавувам за збор по овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Можда е моја грешка, повелете.

**Верица Филипова:** Да, ваша грешка е.

Однесувањето на владеачкото мнозинство и однесувањето на Владата на Република Македонија продолжува по принципот на ној. Со глави, затрупани во земја, од авион се гледа дека не прифаќаат ништо, не гледаат што се случува во државата. Така и овој амандман, со кој тврдиме дека не е потребно да дава согласност Агенцијата, дека за Управниот одбор на Агенцијата, за што согласност дава Валдата на Република Македонија, е потребно да го утврдува надоместокот, се брише.

Почитувани присутни, во моето претходно земање збор по претходниот аманмдна, го дискутирав истото дека е потребно да овластените, со лиценци геодети работат потполно пазарно. Работат пазарно во услови што зависат од нивниот квалитет, што зависат од рокот на изведување на работите и од нивната цена. Врз основа на тоа народот ќе определува каде и кој геодет ќе избере.

Меѓутоа, со тенденцијата на Владата која што, составувајки го овој закон, предвидела да таа дава овластувања и лиценци за геодети, да таа ја определува цената, се обидува да се направи монопол врз ова функционирање.

Поради тоа го подржувам амандманот и мислам дека е потребно да гласаме за истиот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласњње.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, за да можеме да го спроведеме гласањето.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Уште еднаш ги повикувам службите да утврдат колку пратеници има во салата за да можеме да пристапиме кон гласањето.

(Службите утврдуваат колку пратеници има во салата).

Ги молам службите уште еднаш да го кажат својот тежок збор.

(Службите утврдуваат колку точно пратеници има во салата, бидјеки во меѓувреме влегоа неколку пратеници)

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не влегле во салата, да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Господинот Ќуркчиев бара процедурално, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, бидејќи и следниот амандман е од мене и од колегата Тале Герамитчиоски, а се работи за истиот член и истиот став, бидејќи ја затворивме расправата по овој член, јас овој амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 94 за менување на став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам замeникот министер да се изјасни по однос на овој амандман.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Значи коментарите и дискусиите на пратениците, особено на господинот Ќуркчиев и Герамитчиоски вродија со плод во делот на нивното образложение, а се работеше за идентичен и промена на амандман сакам да ве информирам дека Владата би го прифатила овој амандман меѓутоа со следната измена.

Значи, би се прифатила формулацијата на овој амандман на следниот начин: “Висината на надоместокот од став 1 на овој член се утврдува со тарифник кој на предлог на Комората на овластени геодети го донесува Управниот одбор на Агенцијата, а согласност дава Владата на Република Македонија”.

Не знам дали сум јасен на предлагачите, од деловнички аспект дали е можно да се прифати со ваква формулација овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Од деловнички аспект е се возможно доколку се договорите предлагачите и претставникот на Владата.

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Мислам дека предлогот е коректен и предложената измена е коректна и ја прифаќам заради тоа што всушност овој амандман се однесуваше како и на кој начин да се поништи монополската позиција од една страна на приватните геодетски компании, од друга страна Агенцијата односно Комората да биде вклучена во процесот на изготвување на овој тарифник. Значи, се согласувам и ја прифаќам предложената измена.

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај текстот како што е предложен.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Јас исто така ќе го прифатам предлогот, но ќе потенцирам дека предлогот ви е полошо решение во однос на ова кое што ние го нудиме.

Значи, уште еднаш се потврдува дека луѓето во Агенцијата се плашат дека некој ќе им ги помати сметките во начинот на предлагањето. Инаку, вака како што предлагате, Комората и предлага на Агенацијата, која што исто така предлага на Управниот одбор кој што предлага на Владата која што усвојува.

Не е важно, нека биде вклучен еснафот, па макар и во најниска форма да се слушне неговиот глас.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата предложи модификација на овој амандман, а предлагачите на амандманот се согласија и ја прифатија таа модификација овој амандман се смета за прифатен од Владата и текстот онака како што е предложен од господинот заменик на министер станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Господинот Ќуркчиев се јави за збор.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван заменик на министер, мислам дека амандманот требаше да се прифати од причина што приватните геодетски компании се формирани и за нив мора да важат законите за трговските друштва.

Имено во предложената одредба се даваат навистина овластувања кои можат да се оценат како обид сите трговци поединци и овластени геодети, трговски друштва да бидат контролирани од страна на Агенцијата. И тоа можеби на индиректен начин директно ќе се меша во нивната работа.

Значи наведените субјекти, пред се на геодетите својата работа ја вршат врз основа на закон и Агенцијата навистина не може да претставува инспекциски орган и самата да претставува еден вид на инспекција. Затоа мислам дека ќе беше многу подобро доколку се прифати овој амандман.

**Сашо Василевски:** Не.

**Никола Ќуркчиев:** Доколку не, тогаш овој амандман ќе го повлечам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 96, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Господин Ќуркчиев има збор.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги, заедно со колегата Тале Герамитчиоски ги поднесовме амандманите на членовите 96, 97, 98, 99, 100,101, 102 и 103.

Сите овие членови се однесуваат на тоа да бидат избришани од овој закон и амандманите ги предлагаме од едноставна причина што цениме дека приватните геодетски компании се организирани во рамките на Комората на овластени архитекти и инженери. Значи, во рамките на оваа Комора постои Комора на овластени геодети. Оттука ние цениме дека нема потреба да се формира нова Комора кога веќе сите приватни геодети се организирани во постојната Комора. Министерот во своето експозе го пофали работењето на приватните геодетски компании во Република Македонија и кажа дека начинот на работата, структурата на организацијата се уредува со посебни акти на Комората и ценам дека навистина нема потреба во овој Предлог на закон да бидат уште еднаш регулирани, да бидат предложени членови кои што го регулираат работењето на нов тип на Комората.

Ве молам уште еднаш да размислите дека навистина е непотребно да се формира нова комора како едно независно регулаторно тело кое што би требало допрва да се возобновува, воспоставува во Република Македонија при постоење на една сериозна Комора во рамките на овластените архитекти и инженери.

Ве молам, без разлика како ќе бидам сватен, меѓутоа ова е исклучиво политичка работа за која што се надевам дека и други институции во Република Македонија ќе имаат можност да се изјаснуваат, односно убеден сум во тоа.

Оценката на законот нема да биде променета доколку овие членови дури и беа прифатени. Законот е поприлично лош, со многу пропусти, со многу мани и доколку колегата Герамитчиоски го дели моето мислење немаме повеќе аргументи да кажеме за сите овие членови и од тие причини членовите од 96 до 103 ги повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи овој амандман е повлечен.

Потоа амандманот за бришење на член 97 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 98 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 99 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 100 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 101 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 102 исто така е повлечен.

Амандманот за бришење на член 103 исто така е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на поднасловот пред член 138, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 138 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Да потсетам дека се предлага востановувањето на Катастарот на недвижности од став 1 на овој член да го врши дипломиран правник.

Сметам дека е еден од важните членови и ќе ми дозволите кратко образложение да дадам.

Во овој член се утврдени само начините на востановување на Катастар на недвижности, додека во понатамошните членови се разработени активностите кои треба да се спроведат за Катастарот на недвижности да биде востановен на секој од предвидените начини без да се прецизира кој вработен во Агенцијата тоа ќе го врши.

Ова е пред се поради тоа што со Предлогот на законот не се предвидување водење на управна постапка согласно Законот за општа управна постапка, а од понатамошните одредби на непосреден начин произлегува кое лице кои активности ги спроведување при востановувањето на Катастарот на недвижности.

Напоменувам и претендирам на член 145.

Со начинот на запишување на правата на недвижностите разработен детално во одредбите содржани во оваа глава се очекува остварување на главната цел, на донесувањето на овој закон, а тоа е создавање на правни претпоставки за што побрзо востановување на Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија во зацртаниот рок. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника. За гласале 8, воздржани нема и против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 149, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника. За гласале 10, воздржани нема и против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 151 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника. За гласале 10, воздржани нема и против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 155 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот ќе биде составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 161, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот ќе биде составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 171 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека амандманот е во смисла за допрецизирање и подобрување на текстот и овој амандман Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман, па според тоа текстот на овој амандман ставува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 174 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека станува збор за техничка грешка, Владата го прифаќа амандманот.

Се прифаќа со забелешка дека е направена техничка грешка во наведувањето на ставовите во новиот став 3 кој се додава во членот 174.

Новиот став 3 треба да гласи: “Грешките од став 1 и 2 на овој член се отстрануваат по пријава на странка и по службена должност ...”

Направената техничка грешка може да се констатира и од образложението на амандманот.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Владата со оваа модификација го прифаќа амандманот.

Дали се согласува предлагачот? (Да).

Значи овој амандман е прифатен од Владата и текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 175, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** И овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 176 за менување на став, за додавање нов став 2 по ставот 1 и на ставовите 2 и 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Ве молам да ми дозволите едно кратко образложение.

Во концептот на предлогот на законот е операционализиран амандманот 21 на Уставот на Република Македонија со кој е дополнет членот 15 од Уставот, каде што е обезбедена судска заштита пред Управниот суд.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници. За гласале 9, воздржани нема и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 177 став 1, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членови 219-А, 219-Б и 219-В по членот 219, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** И овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 220 за бришење на ставот 4, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик на министер, повелете.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, се извинувам господин Никола Ќуркчиев, бара збор.

**Никола Ќуркчиев:** Господине претседателе, почитувани колеги,

Сепак ние од СДСМ убедени сме дека овој закон не може да заживее од повеќе причини.

Прво, заради тоа што начинот на кој што се предлага формирањето на Агенцијата за недвижности цениме дека не е адекватен, особено во делот на Управниот одбор на Агенцијата каде што стручниот аспект е апсолутно исклучен и се прави една чиста, Управниот одбор ќе претставува една чиста политичка структура на владеачките партии. Многумина колеги тогаш се нашаливме кога реков дека сега е ВМРО-ДПМНЕ, па ќе дојде СДСМ, па пак СДСМ и тој Управен одбор ќе се менува. Јас мислам дека тоа требаше да биде малку поинаку решено, онака како што предложивме со нашите амандмани, меѓутоа предлагачот не го прифати тоа не знам од кој аргумент.

Особено сум убеден дека голем број на граѓани во Република Македонија ќе го оспорат овој закон имајќи ја во предвид втората забелешка од наша страна како СДСМ која што се однесува во делот поврзан со регистрација на недвижностите.

Тврдам дека законот ја става надвор од законска процедура општо управната постапка.

Ценам дека имајќи ја во предвид состојбата на податоци и неизедначеност на содржински и законски акти по кои што се формира Катастарот во определен број на катастарски општини во Република Македонија овој нов концепт ќе предизвика зголемен број на предмети кои што ќе мора да се решаваат надвор од институцијата наречена Катастар.

Ценам дека голем број на граѓани уште од првиот ден на примена на овој закон ќе мора своите права да ги бараат на суд, што на еден начин ќе предизвика би рекол преселба на предметите од Катастарот во судовите.

Ценам дека една ваква хаотична ситуација ќе биде пред време увидена од голем број на граѓани и истите ќе го оспорат овој закон и ќе направат измени и судските органи, поради тоа што во една фиктивна ситуација нема да оди во прилог на никого особено кога во 21-от век сведоци сме на голем број на секојдневни трансакции на недвижностите.

Од овие причини се надевам дека сите ќе имате разбирање зошто ние нема да го поддржиме овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. За гласале 48, воздржани нема и против 13.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Катастар на недвижност.

Според договорот овде денес ја прекинуваме нашата работа само за денес.

Продолжуваме утре во 11,00 часот и ќе работиме без пауза за ручек до 15,00 часот по истата агенда, односно по 104-та седница.

Благодарам за соработката.

(Седницата прекина со работа во 14,06 часот)